# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

**До**
**СОБРАНИЕТО**
**НА**
**ТРАНСПАРЕНТНОСТ-МАКЕДОНИЈА**
**Скопје**

Ние извршивме ревизија на Билансот на состојба на Здружение на Транспарентност-Македонија, како и на соодветните Биланс на приходи и расходи, за годината што завршува на 31 Декември 2007 година, кои се објавени на страниците од 4 до 12.Овие финансиски извештаи се одговорност на Собранието на Здружението .Наша одговорност е да дадеме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија.

Ревизијата ја извршивме во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија.Тие стандарди бараат ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи не содржат погрешни објавувања од материјално значење. Ревизијата вклучува проверка по пат на тестирање на износите и објавувањата во финансиските извештаи.Исто така, ревизијата вклучува оценка на применетите сметководствени принципи и вреднување на значајните проценки направени од страна на Собранието како и оценка на севкупната презентација на финансиските извештаи.Ние веруваме дека ревизијата што ја извршивме обезбедува разумна основа за нашето мислење.

Наше мислење е дека приложените Биланси ја прикажуваат реално во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ден 31 Декември 2007 година, резултатите од работењето, во согласност со општоприфатените сметководствени принципи за објавување на финансиските извештаи.

Скопје,04.02.2008 година

За и во име на МСР - Ревизија

___________________________